# З А П И С Н И К
## Од Дваесетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 11.12.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на дваесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Музбајдин Ќамиљи*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација.*

Дваесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:13 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесетата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 19-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Одговор за Тони Гламчевски**
3. **Допис/Одговор од Одговорен уредник на Втор Програмски сервис на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 19-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четиринаесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Одговор за Тони Гламчевски**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја отвори втората точка од дневниот ред, која се однесува на административното писмо доставено до Програмскиот совет од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, со кое се бара доставување на списите по предметот поврзан со изјавена жалба од Тони Гламчевски против Одлуката на Програмскиот совет.
Програмскиот совет претходно го разгледа барањето на Гламчевски и донесе одлука за отфрлање поради ненадлежност, бидејќи предметот на барањето се однесува на права од работен однос и исплата на надоместоци, што не е во доменот на нашите законски овластувања.
Во таа насока, тој уште еднаш потсети на следново:

- Надлежностите на Програмскиот совет се јасно и прецизно утврдени во член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно Советот има улога да обезбедува почитување на програмските принципи и стандарди, да го унапредува квалитетот на програмската содржина, да донесува општи акти за работата на МРТ и да избира раководни органи, но не одлучува за права и обврски кои произлегуваат од работен однос.
- Одлучувањето за вработувања, распоредување и права од работен однос во МРТ е во надлежност на Директорот на ЈРП МРТ, согласно член 132 став (1) алинеја 9 од истиот закон.
- Кога јавен орган ќе добие поднесок за кој не е надлежен, е должен да постапи согласно член 40 став (7) од Законот за општа управна постапка: да го препрати поднесокот до надлежниот орган или, ако тоа не е возможно, да донесе одлука за отфрлање поради ненадлежност.

Токму врз овие одредби се основа и претходно донесената Одлука на Програмскиот совет.
Следствено на тоа во рамки на оваа точка е доставен и Предлог-одговорот на жалбата подготвен од стручните служби на МРТ којшто е дел од работните материјали за тековната седница и истиот Програмскиот совет го разгледува во целина.
Претседателот Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-одговорот на жалбата, за негово усвојување и истиот да биде доставен заедно си сите списи до надлежната Државна комисија во пропишаниот рок.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Допис / Одговор од Одговорен уредник на Втор Програмски сервис на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски информираше дека во рамки на точката, Советот постапува по претходно донесениот Заклучок со кој Директорот на МРТ имаше задолжение да побара од Одговорниот уредник на МТВ2 да достави писмено образложение за наводите во дописот од Културно-уметничката програма, како и за мерките што се преземени за подобрување на меѓуредакциската координација.

Врз основа на тој заклучок, до Советот е формално доставен одговорот на Одговорната уредничка на МТВ2, Мерита Гаши. Во документот, во пет точки, се дадени информации и објаснувања поврзани со:

- околностите со кадарот и предизвиците со редовното одржување на уредничките состаноци,
- улогата на Утринската редакција и процедурата за предлог на теми и прилози,
- уредувачката политика на „Ритам на денот“ во однос на доминантни теми (култура, уметност, младински активности, амбиентални и здравствени содржини),
- соработката меѓу редакциите и потребата од подобрување на комуникацијата,
- изразената подготвеност за унапредување на координацијата и избегнување на можни недоразбирања.

Во таа смисла Советот ја зема предвид доставената информација сметајќи дека со овој одговор е исполнета обврската дадена со претходниот Заклучок.
Притоа, тој истакна уште еднаш дека Советот повикува на потреба од унапредување на интерната комуникација и професионалната координација меѓу редакциите, како и на активно споделување информации и навремено усогласување на уредничките активности со цел натамошно подобрување на уредничките процеси и програмската реализација во рамки на Вториот програмски сервис.

По ова за збор се јави Бурим Рамадани кој рече дека оваа тема била дискутирана на 17-та седница и дека се работи за недоразбирање коешто треба да се разреши во рамки на Програмскиот сервис и дека во утринската емисија се дискутира на различни теми, како што се, култура, музика, филм, спорт и други актуелни теми.

Потоа збор побара Беким Лачи кој даде пример кога во некоја спортска дисциплина, некој спортист е успешен, на таа тема информираат сите медиуми и канали, односниот спортист гостува во различни емисии и слично, што не значи дека само спортскиот канал треба да известува за тоа.

Следен зема збор Миле Грозданоски кој рече дека доколку се работи за некоја битна и актуелна тема, таа се повторува на сите медиуми - телевизии и радија и дека таа тема се разглобува се додека не заврши актуелноста на истата.

Потоа Маја Седрак рече дека за секоја тема има различна публика.

Понатаму Патриот Лимани рече дека колегите треба да се консултираат и координираат еден со друг.

Следен се јави за збор Лазо Трпков кој рече дека по однос на оваа точка Програмскиот совет треба да излезе со Заклучок.

Имајќи ги предвид законските надлежности на Програмскиот совет, кој нема ингеренции директно да се меша во уредувачката политика, ниту пак обврска да одговара на секој

поединечен пристигнат допис, сите членови на Програмскиот совет на МРТ се согласија за следниот ЗАКЛУЧОК: се повикува на унапредување на интерната комуникација и професионалната координација меѓу редакциите, како и на поактивно меѓусебно споделување информации и навремено усогласување на уредничките активности, со цел натамошно подобрување на уредничките процеси и програмската реализација.
Претседателот Давор Пашоски го стави Заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Понатаму Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски го информираше Советот за неговото учество на 95-то Генерално собрание на ЕБУ, кое се одржало во неговото седиште во Женева, Швајцарија.
На состанокот на групата на ЕБУ за јавните медиумски сервиси за Централна и Источна Европа тој ги информирал членките дека е избран нов состав на Програмскиот совет и во таа смисла ги запознал колегите дека МРТ е во процес на целосно институционално заокружување на своите капацитети. Во таа насока, потенцирал дека е започната постапка за подготовка на нова петгодишна стратегија, како и иницијатива за носење на посебен Закон за МРТ кој ќе овозможи повисоко ниво на институционална и финансиска автономија во согласност со европските стандарди за јавни медиуми, процеси коишто се препознаени како суштински за иднината на јавниот сервис и добиле јасна поддршка од претставниците на ЕБУ. Воедно тој имал посебен разговор со генералниот директор на ЕБУ, Ноел Куран, при што го информирал за активностите околу новата стратегија и законодавната иницијатива коишто биле поздравени од негова страна, а воедно истакнал дека ЕБУ ќе обезбеди експертска и стручна поддршка во овие процеси. Дополнително, ја прифатил поканата следната година да ја посети МРТ и земјата.
Во рамки на средбите со колегите од регионот на Западен Балкан бил запознаен со проектот My Balkan(s), насочен кон дигитализација и зачувување на аудиовизуелното наследство. Тој заклучи дека МРТ треба да го продолжи своето учество во овој процес, имајќи ја предвид важноста на проектот и можностите што ги нуди — меѓународна размена, стручни обуки и можност за дигитализација на дел од архивските материјали со коишто располага јавниот сервис.

По информацијата на Претседателот Давор Пашоски, збор побара Маја Седрак која најнапред праша дали дигитализацијата на архивата е вметната во финансискиот план и планот за јавни набавки, бидејќи од суштинско значење за МРТ е да се отпочне постапка за дигитализација. Воедно таа напомена и дека до Министерството за култура веќе пристигнуваат писма во кои се бара помош од нивна страна за архивирање на материјалите. Таа спомена и дека во тој процес може да се спојат и повеќе институции. Министерството за култура може да помогне, се со цел да се иструрка овој процес.

На ова реплицираше Директорот на заеднички функции и администрација, Горан Атанасов кој рече дека на оваа тема се водат разговори и има интерес. Потребни се кадровски разместувања, за да може сето тоа да се изведе на најдобар можен начин. Тој истакна дека е веќе отпочната постапка за дигитализација на Радиото и дека е разговарано и со Телевизија Бугарија, Радиотелевизија Србија и Хрватска Радиотелевизија, за поддршка околку овој процес.

Потоа зема збор Миле Гроздановски кој рече дека процесот на дигитализација подразбира и покрај дигитализација во техничка смисла, зачувување на аудиовизуелното наследство како фолклор, историја, литература, македонски јазик и слично. Воедно тој рече дека сите ја очекуваат таа дигитализација бидејќи тоа е колективна меморија која останува за граѓаните на Македонија. Понатаму, тој продолжи дека постојат неколку илјадници метри од втората светска војна, искази на прeживеани учесници од Илинденското востание, кои ако ги дадеме во странските земји, се ќе загубиме. Мора де се поведе сметка по однос на тоа, бидејќи тоа е наше, тоа сме ние и останува за нас.

Понатаму Претседателот Давор Пашоски рече дека се развила добра дискусија околу ова прашање и дека Советот треба да се ангажира околу тоа. Пред се МРТ, а потоа и Програмскиот совет да се ангажира, во соработка со другите надлежни институции.

Претседателот продолжи со информациите околу учеството на 95-то Генерално собрание на ЕБУ во Женева и рече дека во разговорите со претставниците на ЕБУ било потенцирано дека со особено задоволство ја очекуваат Македонија повторно да биде дел од сцената на Евровизија во 2027 година, при што била истакната подготвеност да се обезбеди соодветна техничка и организациска поддршка за реализација на тоа учество. Во таа смисла, тој потенцираше дека е важно навремено и систематски да се пристапи кон подготовките за следната година со цел нашата земја успешно да се претстави на ова значајно музичко случување.
Дополнително, МРТ во моментов води преговори со ЕБУ во врска со можноста за организација на Детскиот Евросонг 2027, што би било голема можност за промоција на земјата и за охрабрување на младите музички таленти.
На Генералното собрание биле усвоени новите правила за гласање на Евровизија 2026 година, чија цел е дополнително да се зајакнат правичноста, транспарентноста и довербата во натпреварот. Со овие измени се потврдува дека Евровизија ќе продолжи да биде платформа посветена на музиката, креативноста и европското единство, со јасни стандарди кои обезбедуваат нејзина неутралност и независност од политички влијанија. По нивното усвојување, не се продолжи со постапка за одлучување во однос на учеството на Израел.

Дополнително, тој информираше и дека МРТ се приклучила кон заедничката иницијатива и писмото испратено од ЕБУ и други релевантни меѓународни медиумски организации до институциите на Европската унија, со кое се повикува на итна поддршка за спречување на можниот колапс на Јавниот сервис на Босна и Херцеговина – BHRT. Со приклучувањето кон оваа иницијатива, МРТ ја потврдува својата заложба за солидарност, медиумски плурализам и зачувување на јавните медиумски сервиси во регионот и Европа, како суштински гаранти за демократските општества и медиумските слободи.

На крајот Претседателот Пашоски се заблагодари за прифаќањето на иницијативата на Програмскиот совет од страна на Менаџментот на МРТ, за организирање на скромна свеченост по повод одбележувањето на Денот на МРТ. Ова претставува убаво дополнување на стандардното и редовно одбележување на овој значаен датум во програмската шема на јавниот сервис, и е гест на почит кон историското и општественото значење на МРТ. Свеченоста ќе биде реализирана кон крајот на месец декември.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 16.12.2025 година во 10:00 часот, на која ќе се изврши изборот на членови на Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Дваесетата седница на Програмски совет на МРТ во 12:02 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6914/3
11.12.2025г.

_________________________

Давор Пашоски